**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 септември 1999 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 13,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јордан Бошков, Војо Стојановски, Латиф Пајкоски, Илинка Митрева и Нано Ружин, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дами и господа, Ве молам со едноминутно молчење да им одадеме почит на трагично почитаниот министер без ресор во Владата на Република Македонија Радован Стојкоски и неговата сопруга и ќерка.

(Пратениците им одаваат почит со едноминутно молчење).

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата достави Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување претседател, членови на Државната изборна комисија, секретар и нивни заменици и Предлог на Одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Општинска аптека - Кочани и предлага тие да бидат разгледани на оваа седница.

Предлозите на одлуките Ви се поделени.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 72 пратеника, за 54, против 18, воздржани нема.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратеникот Стојан Андов поднесе Предлог за донесување на закон за ослободување од судски такси на штедилниците, врз кои е отворена стечајна постапка "АЛФА С" а.д. Скопје, "ЛАВЦИ" д.о.о. Охрид и "ТАТ" д.о.о. - Битола и доверителите на овие штедилници, со Предлог на закон и предлага тој да биде разгледан на оваа седница.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Предлогот на законот е доставен до Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, предлогот денес е доставен во службата на Владата, така што немавме можност да го разгледаме на седница на Владата. Тој ќе влезе во нормална владина процедура, после тоа Владата ќе го каже своето мислење по Предлогот на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине потпретседателе, госпогица Димовска, потпретседател на Владата, господин Ибраими, потпретседател на Владата, министри и пратеници, ние овде од минатиот мандат знаеме во расправите што ги имавме околу ТАТ и другите пирамидални штедилници дека многу граѓани кои го довериле своето штедење на овие штедилници, беа ограбени и им беше изгубена целата заштеда. Имаше напори од минатата Влада и од оваа Влада нешто да направат. Засега се разбира нема ништо сторено. Минатата Влада 20 милиони марки обезбеди некои да ги исплати, а другите останаа ненамирени.

Меѓутоа, оставени се сега сите штедачи во нормална судска постапка да си ги бараат правата. Само за ТАТ ако штедачите ја покренат во првата судска постапка, без второстепената судска постапка, само трошоците за судски такси ќе изнесуваат за тие луѓе околу 500 илјади германски марки. Немам точен податок за овие други штедилници. Луѓето ги изложуваме на додатни трошоци, на невозможни додатни трошоци, иако затаија меѓу другото и државните органи на време да ги согледаат сите опасности од функционирањето на овие штедилници, кои беа фактички од почеток на принципот на пирамидално штедење.

Затоа предлагам овој закон да влезе во дневниот ред на оваа седница. А Владата во текот на седницата да заземе став и на оваа седница ние да го донесеме. Ние веројатно не ќе имаме седници до изборите

кои ни претходат, а во меѓувреме многу од овие граѓани ќе бидат принудени да покренат судски спорови и ќе бидат принудени да потрошат многу пари, покрај тоа што оние кои ги штеделе им се одземени.

Мислам дека се прави една голема неправда спрема овие луѓе и затоа предлагам, сепак да влезе во дневниот ред на оваа седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед на тоа што имаме конкретен предлог, Владата ќе треба веднаш да заседава во текот на седницата.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, Владата не ќе може денес да одржи седница, заради отсуство на премиерот и дел од членовите на Владата, кои што имаат различни обврски и се на пат.

Така што го респектирам во целост предлогот на пратеникот, мислам дека е многу важен. Исто така, факт е дека сега пред претседателските избори малку се прави политички маркетинг, но мислам дека не треба заради тоа ние да го изгубиме трпението и да ја прескокнеме процедурата. Владата ќе има можност наредната недела да заседава, значи за неколку дена и на првата наредна седница ќе го даде своето мислење за предлогот на пратеникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте од се да правиме политички маркетинг.

Овој предлог го давам по барање на штедачите.

Тие од мене го бараа.

Го бараа, заради тоа што се надеваа дека Владата нешто ќе преземе.

Видоа што презеде Владата и сега јас сум должен да го поднесам овој предлог.

Јас барам да се гласа за предлогот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за тоа овој предлог да влезе на дневен ред денеска?

Кој е за предлогот да се стави на дневен ред на оваа седница?

Гласале вкупно 85 пратеници, за 26, против 38, воздржани 21.

Со тоа констатирам дека предлогот не е прифатен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за извршната постапка,

2. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за перење на пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело, со Предлог на закон,

3. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување претседател, членови на Државната изборна комисија, секретар и нивни заменици,

4. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Општинска аптека - Кочани.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван господине потпретседателе, почитувани министри и почитувани колеги, Пратеничката група на СДСМ бара од Владата на денешната седница да поднесе Информација за правната уреденост на односите помеѓу Македонија и силите на НАТО што престојуваат во Македонија, како логистичка поддршка на силите на КФОР на Косово, потоа помеѓу Македонија и силите на КФОР кои од Косово редовно влегуваат и излегуваат од Македонија и односите помеѓу Македонија и набљудувачката мисија на ОБСЕ за Косово, чии што претставници исто така слободно се шетаат и претстојуваат во Македонија, со сопствени возила и опрема.

Дозволете ми накратко да го образложам ова барање.

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија уште во времето на влегувањето на 16 илјади војници на НАТО во Македонија, со нивното оружје и воена опрема бараше од Владата правно да го регулира престојот на тие сили во Македонија и да ја запознае јавноста со нивниот обем, должината на нивниот престој, нивниот мандат, нивните обврски и нивните права во Македонија. Уште тогаш укажувавме на фактот дека, Македонија како држава и како партнер ќе го зачува своето достоинство, само ако стави јасно до знаење дека е таа газда на сопствената територија и дека нејзините закони ќе мора да ги почитува секој што ќе се најде на таа територија барем подеднакво како и нејзините граѓани. Потребата од такво нешто, ја образложувавме и со фактот дека само ако народот во Македонија знае точно колку странски војници ќе престојуваат во Македонија, со какво оружје со каков мандат, со кои права во однос на другите граѓани на Македонија, со кои обврски кон Македонската држава и нејзините закони ќе и биде полесно да му се објасни нашиот

навистина партнерски однос со НАТО и нема да се создава непотребно анти натовско расположение во Македонија.

Владата како што знаеме јавно ја презема таа обврска и многу брзо потоа објави дека сите односи со престојот на силите на НАТО и на Мисијата КФОР во Македонија се правно регулирани на начин кој на Македонија и обезбедува и поголема безбедност за државата и за граѓаните и голема материјална корист и решавање на сите евентуални спорови според нашето законодавство. И во таа прилика Владата не и покажа на јавноста било каков договор, туку сите ние требаше да и веруваме на збор. За жал, сведоци сме од ден на ден дека тие односи не се сепак се уште правно уредени, или пак се мошне лошо уредени.

Припадниците на КФОР со нивните возила, а и со кабадахиското однесување на нивните војници и офицери во овој неколку месечен престо направија повеќе од 140 сообраќајни несреќи, во кои животот го загубија десет лица граѓани на Македонија, голем број граѓани се потешко повредени и се трајни инвалиди од тие несреќи, има голем број на лесно повредени, причинети се огромни материјални штети. За жал се до сообраќајната несреќа од овој вид во која загина министерот на Владата господинот Радован Стојкоски, неговата сопруга и ќерка, Владата се однесуваше во однос на притужбите на граѓаните, во однос на однесувањето на припадниците на КФОР како ништо да не се случува. Напротив од страна на некои самопрогласени љубители на НАТО притужбите, беа оценувани како непотребна нервоза и ширење на анти Нато расположение. Кога се случи овој трагичен чин и кога на нашата Влада и соопштија дека странските војници во Македонија што и да направат нема да одговараат пред законите на оваа земја, Владата изгледа почна полека да сваќа дека таа не си ја завршила работата како што треба. Сега за жал по овој трагичен повод Владата, нејзините министри и владините гласила почнаа да говорат за КФОР башибозук во Македонија, за сообраќајни агресори, убијци, за неплатените сметки на НАТО во Македонија, за неовластеното однесување, опасен медицински и уште каков ли не отпад во Македонија, па дури и да извлекуваат заклучок дека можеби на НАТО не му е баш многу гајле за Македонија и дека ако така НАТО продолжи, Македонија треба да ги преиспита своите односи со него. Од сето ова и се соопштува на јавноста што и се соопштува на јавноста, се насетува дека Македонија ги нема добро нормативно уредено односите со НАТО и дека токму тоа отсуство на јасни правила на играта меѓу НАТО војниците и граѓаните на Македонија, меѓу НАТО и Македонија може да доведе до натамошно зголемување на незадоволството на граѓаните на Македонија, од НАТО и неговото присуство во земјата, а за тоа ќе биде и одговорна само Владата на Република Македонија, која со своето неодговорно однесување, е директен виновник и за ова што ни се случува и за можното доведување во прашање на консенсуалната определба на Македонскиот народ за приклучување на Македонија кон Евроатланските асоцијации.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова е конкретен предлог.

За предлогот треба да се произнесеме со гласање.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Владата на Република Македонија уште во почетокот на косовската криза, со НАТО алијансата има склучено конкретни и прецизни договори за нивниот престој и нивниот статус во Република Македонија.

Значи не се работи за прецизирање на договори за нивниот престој и нивниот статус, туку после за жал трагичниот настан сега последниот, каде што трагично го загуби животот министерот со неговите двајца членови од семејството, се наметна потребата тие договори да се допрецизираат, да се дообјаснат. Така што навистина се воспостави еден ред во однос на престојот на НАТО силите во Република Македонија, нивното движење, однесување на нивните сили на јавни места.

И во оваа насока експертски групи составени од страна на Министерството за внатрешни работи, за народна одбрана и експертска група од НАТО силите, веќе преговараат за допрецизирање на овие договори, во однос на статусот, престојот, движењето и нивното однесување во Република Македонија. За жал имаше одредени недолични однесување, одредени трагични епилози од нивното движење, но тоа за жал се случува насекаде во светот без разлика дали таму се присутни НАТО силите или не. Чат пат и трагични случаи се случувале и во самите земји кои се членки на НАТО силите, така што овие немили случаи не ја одминаа ниту нашата земја.

Согласно ова што го изнесов Владата, не е во состојба во овој момент и на оваа седница да поднесе таков извештај, а сигурно тоа ќе го направи откако ќе се заврши работата меѓу експертските групи кои ги наведов и ќе имате конкретен извештај за епилогот на допрецизирање на договорите за престојот на НАТО силите во Република

Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да се разбереме, нема да водиме материјална расправа.

Овде имаме предлог.

Ќе се изјасниме со гласање дали ќе прифатиме тоа да го расправаме, или не.

Ве молам, имаме став на Владата и предлог на господинот Ѓорѓи Спасов.

Неговиот предлог го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ве молам уклучете го гласањето, затоа што предлогот на г-динот Ѓорѓи Спасов го ставам на гласање.

Вкупно гласале 84 пратеници, од кои 21 "за", 59 против и 4 воздржани.

Констатирам дека Предлогот не е прифатен.

За збор се јави г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа, користејќи го деловничкото право, се разбира делот дополнувања и измени на дневниот ред, Пратеничката грула на ПДП бара да се дополни дневниот ред на оваа седница, со Информација за критериумите и начинот на распределба на средствата за изградба на водоводи и фекални канализации во РМ.

Дозволете ми да го образложам барањето.

Трагајќи и искористувајќи службени весници, значи трагајќи по информации, најдовме една одлука од Владата на РМ, Службен весник број 51 од 9-ти август, за распределба на средства за изградба на водоводи и фекални канализации во РМ, се разбира за 1999 година.

Од првите информации што ги добивме и тие пролистувања, односно консултациите кои ги водевме во пратеничката група, дојдовме до првите сознанија дека во неколку општини, односно во неколку населени места каде што се доставени проекти, односно барања за средства за да продолжат работите за започнатите работи за водоводи и фекални канализации, некои населени места воопшто не се земени предвид. Не било никогаш пракса, јас дури заедно со моите колеги пролистувавме и правевме една компарација со начинот на распределбата на средствата во изминатите години и навистина не најдовме никогаш, значи не се случило за започнат проект, започната инвестиција наредната година да не се дава ама баш ништо од тие средства за водовод и фекална канализација. Дури првите сознанија што ги имаме, односно првите информации се гледа имаме распределба на средствата и тоа уситнето по тие населени места, каде што најверојатно нема да завршат работите, меѓутоа имаме случаи каде воопшто каде што имаме започнато инвестиции не се предвидени некои населени места. Такви примери имаме доста, меѓутоа јас во оваа прилика во името на Пратеничката група на ПДП ќе го споменам примерот на Арачиново и примерот на Лабуниште, каде се започнати работите, има инвестиции, меѓутоа за оваа година не е предвидено ама баш ништо, нула, нула, нула. И понекогаш принудени сме да заклучуваме или да извлекуваме дури и такви заклучоци кои одат до некоја трајност, што и кои се критериумите за распределба на такви средства. Дури и да се одело на некои експерно размислување, дека во одредена изборна единица или општина пратеник, на пример е Исмет Рамадани, или некој друг, дури и тоа не може да се оправдува затоа што, еве премиерот ќе го илустрирам со Арачиново.

И проектот кога е доставен и анализата и оправдувањата и сето тоа што стои во текстот, морам да ви кажам дека може да се квалификува состојбата драстична, дури може да се рече дека се наоѓаме пред некој еколошки геноцид.

Затоа, ако немавте почит кон населението, па и кон пратеникот, дали имавте почит кон тоа членство, што најверојатно е и дел од вашата коалиција, има жители, граѓани кои се членови и на ВМРО ДПМНЕ, кои се членови и на ДА, кои се членови и на ДПА.

Навистина, ако веќе се одело и со такво екстерно размислување, строго и до крај партиско, тогаш јас се прашувам што и зошто тогаш ги имате и тие ограноци на овие места, кои што јас ги спомнувам. Затоа што и тие самите ќе се најдат во една ситуација, ќе бидам фер до крај, што не можат да го оправдуваат нивното постење, организирање политичко во нивните партии. Значи и тоа не се практикува.

На крај краишта ако тоа ви е пракса, или сакате да ви биде пракса на понатамошно дејствување, мене лично ќе ми помогнете, затоа што штом има нула, нула средства тоа значи дека тие ваши членови не можат да излезат пред граѓаните да кажат нешто дека работиме или сме направиле нешто. Дури и навредувајчи би делувало ако ви служат тие само за носење, така да кажам струја со кофа.

Јас мислам дека добро е да се прифати барем да имаме информација врз кои критериуми, па дури тогаш веројатно и моите колеги ќе кажат и други специфичности. Дури ако се земе и националната структура, по некои наши пресметки што ги правевме за оваа година некаде над 11% од населените места каде што гравитираат, односно живеат Албанци од вкупните средства, кои се распределени се опфатени тие.

**ТОМИОСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве предупредувам г-да пратеници на одредбата на член 99 од Деловникот, каде пратеникот користејќи го правото да може на седница да даде предлог и да се стави одредено прашање на дневен ред, мора претходно да ја образложи и итноста и Собранието прво што ќе одлучува е за итноста, па дури тогаш се одлучува дали бива или не.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јас мислам дека пратеникот има право да бара таква информација и ќе ја добие од страна на Владата.

Одлуки за доделување на средства за изградба на одредена инфраструктура по локалните единици, се носеле и порано. Но, за жал мора да се констатира дека доделени се средства по малку, да се задоволат сите општини, каде одредена партија имала одреден интерес, а не со цел инвестицијата да биде целосна и еднаш засекогаш да се реши инфраструктурата на одреден локалитет, општина или населено место.

Има 100 аргументи тоа да се докаже и фактички тие работи остануваат недовршени. Нај веројатно во вакви инфраструктурни објекти е предвидено да се учествува и од страна на граѓаните.

Во однос на конкретната одлука, јас со најголема одговорност изјавувам дека не се водела никаква партиска припадност, затоа што во РМ во сите градови сите партии имаат свои членови. Ако со оваа одлука определени се одредени средства за одредена општина не значи дека членови на ДПА се дескриминирани, или пак од СДСМ или ПДП или ВМРО-ДПМНЕ. Значи средства се доделени на општини каде што живеат граѓани на РМ и верувам дека предлагачот на оваа одлука најверојатно доделил целосни средства за да инвестицијата се изгради до крај и еднаш за секогаш за таа општина со таа инфраструктура да немаме проблеми.

Но, како и да е пратеникот и Собранието ќе ја добие Информацијата за критериумите за доделуваше на овие средства, но не на ова седница, туку за наредната седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлогот на г-динот Исмет Рамадани го ставам на гласање.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Нема потреба од гласање, бидејќи претставникот на Владата прифаќа да подготви информација за наредната седница.

Исто така и јас прифаќам во името на пратеничката група за наредната седница да имаме таква информација.

Се разбира Информацијата да биде на дневен ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Значи нема потреба од гласање за оваа седница предлогот е повлечен.

За збор се јави г-динот Благоја Стојковски.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани министри, колеги пратеници, вчера и денеска граѓаните на Куманово се посебно вознемирени, поради тоа што од страна на хеликоптер на КФОР во водите на Езерото Липково е фрлен непознат предмет. Вознемиреноста е голема, од проста причина што водите од Липковското езеро се користат за пиење на цело Куманово.

Барам денеска да бидеме, можно е и усно, информирани од страна на Владата што точно е фрлено во водите на Липковското Езеро, има ли последици по водата за пиење или не, со што граѓаните на Куманово ќе бидат смирени од еден ваков гест.

Исто така, барам да ми се каже дали некој одобрил на КФОР да фрлат предмети во Липковското Езеро.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Загриженоста за шпекулациите кои што ги прочитавме во Печатот, и ставовите што ги искажа пратеникот ги дели и Владата, но претставниците на Министерството за внатрешни работи, на Министерството за одбрана го истражуваат случајот и се уште немаме потврда дека дошло до такво нешто.

Значи, постојано екипите се на терен и во прва прилика штом дојдеме до конкретни податоци, Владата ќе преземе мерки и ќе ја информира и јавноста и пратениците.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Прашањето е многу сериозно, случајот се случил на 31, денес сме веќе 2-ри, се работи за вода за пиење на околу 100 илјади жители. Вознемиреноста мора да биде присутна кај граѓаните и мислев дека Владата има релевантни факти, а бидејќи седницата

на Собранието ги пренесува Македонската телевизија, ги следат граѓаните и тоа како ќе беше добро да имавме веднаш информација, за да може слободно да се пие водата.

Добро би било во вакви случаеви Владата да биде многу по експедитивна, не може да се чека и не можам да кажам и сите ние и Владата е загрижена, ама како ќе им кажеме на граѓаните на Куманово да пијат вода или да не пијат.

Затоа би требало под итно да се излезе со едно званично соопштение, во кое ќе се каже што и како. Дури уште синоќа требаше да го имаме тоа соопштение, бидејќи минерална вода во Куманово веќе нема.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Загриженоста на пратеникот, секој граѓанин на Македонија ја дели, а исто така и Владата. Доколку Владата имаше некакви конкретни податоци и дека е загадена водата, сите мерки за заштита на здравјето на граѓаните ќе ги преземеше. Нема потреба тука за скепса дека пратеникот е по загрижен отколку било кој од нас присутен во салата.

И Министерството за здравство и Министерството за одбрана и внатрешни работи постојано работат на теренот. Доколку има било какви загрижувачки информации, дојдеме до некој факти за загаденост на водата, веднаш ќе излеземе со соопштение во јавноста. Досега немаме такви податоци.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Останува ли по вашиот предлог да гласаме или не.

Има збор Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, членови на Владата, колеги пратеници, знаеме дека во периодот деновиве што поминаа во Турција, се случи земјотрес во кој има многу жртви и многу повредени. Пратеничката група на ВМПРО-ДПМНЕ, бидејќи е оваа прва седница после одморите овие денови имаше свои координативни состаноци и меѓу другото разговараше на оваа тема и донесе заклучок да му предложи на Собранието, на денешнава седница како прва точка на дневен ред да ставиме одлука за еднодневна заработувачка, затоа може да се направи проценка дали еднодневна или дводневна, од пратениците од нашиот Парламент, што всушност би била една скромна и конкретна помош за настраданите во Република Турција.

Нешто што може да биде како иницијатива, пример за еден таков однос за многу други институции во државава, кои за среќа започна, меѓутоа ние можеме да дадеме со еден ваков пример еден поголем стимул за сето тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи се работи за собранискиот состав, овој предлог на г-динот Пауновски ќе биде директно ставен до нас пратениците и останува само дали да го прифатиме или не.

Предлогот на г-динот Пауновски го ставам на гласање.

Вкупно гласале 82 пратеници и сите се "за". Воздржани и против нема.

Констатирам дека овој предлог на одлука, е составен дел на дневниот ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има Борислав Трповски.

**БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги, за денешната седница предлагам за дневниот ред Владата да ни даде Информација околу узурпирањето на државното земјиште на Зимско - рекреативниот центар Попова Шапка, за изградба на голем број дивоградби и кои мерки се превземени до сега за спречување на оваа незаконита појава и кои се резултатите.

Ова дотолку повеќе што, според новиот Просторен план на Република Македонија, овој локалитет треба да биде дел од Националниот парк Шар Планина.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Бидејќи барањето на пратеникот има карактер на пратеничко прашање, предлагам кога ќе биде точката на дневен ред да го постави и ќе биде одговорено.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Пратениче имате право, го слушнавте предлогот, дали останувате при тоа дека барате извештај или е пратеничко прашање, па тогаш да се одлучи.

**БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ:**

Јас реков информација за денешната седница на дневен ред Владата да даде.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тогаш штом барате информација, а Владата има поинакво мислење, морам да го ставам предлогот на гласање.

Повелете гласајте.

Гласале 74 пратеници од кои 19 за, 49 против и 6 воздржани.

Констатирам дека предлогот за барање информација од пратеникот не е прифатен.

Збор има Лазар Китаноски.

**ЛАЗАР КИТАНОСКИ:**

Јас би сакал информација за еден нов проблем кој се јавува во Република Македонија, кој нема врска ни со кампања ни со избори, туку со нашиот принципиелен став во поглед на бегалците. Лично се надевав дека г. Амди Бајрам ќе го постави ова прашање, но изгледа тој како дел од владината коалиција не се сетил (пратеникот реагира од место и кажува дека е пријавен за дискусија), затоа сакам во име на Пратеничката група на СДСМ на денешната седница Владата да поднесе Информација за состојбата на бегалците во Македонија. Тука има неколку сегменти.

Со оглед на составот на Владата, не се сомневам дека Владата располага со точни информации за тоа колку вкупен број бегалци останаа во Македонија, каде се сместени и каков вид на помош добиваат. Бидејќи министрите од оваа Влада постојано и со право потенцираа дека сите луѓе што доаѓаат во Република Македонија, како бегалци треба да се третираат исклучително како луѓе кои ги натерале маките и тешкотиите да ги напуштат сопствените домови на Косово и дека не е важно нивното етничко потекло, па ме интересира дали Владата на РМ подеднакво се грижи за сите бегалци од Косово, независно од нивната етничка припадност или како што јавуваат јавните гласила и телевизиските медиуми, имаше снимки, во Македонија има различен однос кон бегалците кои се од албанско етничко потекло и бегалци роми, горани, срби, турци, заради тоа што сите извештаи од нашите новински куќи на светските медиуми дури по признавањето на самите претставници на КФОР и НАТО на Косово велат дека таму имаме обратен процес на етничко чистење спрема сите кои не се Албанци на Косово. Дел од нив доаѓаат во Република Македонија. Ова се нивни зборови, нивни извештаи.

Македонската јавност треба да знае дали владините функционери во овој период се исто толку ангажирани во згрижувањето на бегалците во Македонија кога Албанците се враќаат на Косово, а Ромите и припадниците на некои други етнички групи, насилно ги протеруваат од таму, односно што прави и што има направено министерот за труд и социјална политика за решавањето на овој проблем и колку владини функционери ги имаат посетено овие бегалци и им имаат гарантирано ист третман и внимание како на бегалците од албанско етничко потекло.

Значи не се работи за тоа дека се оспорува нашиот хуман однос кон Албанците, кои беа протерани од Косово, туку се работи за еден сосема обратен процес и сосема поинаква реакција на македонската Влада. Од она што ние го знаеме преку јавноста за тие бегалци особено од ромско етничко потекло никој не се грижи, а немаме никакви информации дали меѓу нив има горани, можеби срби, можеби турци, кои исто така се подложни на етничко чистење на Косово.

Се работи за еден хуман граѓански пристап без никаква политичка позадина.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата, по однос на ова прашање.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Во процесот на распаѓање на бивша Југославија и создавање на нови држави од неа, Република Македонија и нејзините граѓани во тој период биле во функција да примаат, да згрижуваат и да испраќаат бегалци. Тоа беше случајот со бошњаците, за жал, иста слика ни се повтори и со Албанците од Косово, но треба да признаеме дека одреден број од Косово, но и надвор од Косово од Бујановац, Прешево и Медвеѓе, сеуште претстојуваат во РМ.

Со ова може да се констатира овде, а и пред целата јавност дека Македонија никогаш не правела разлики, во однос на националната припадност на бегалците, дали ќе добијат виза за влез и претстој во РМ или не. Тоа е докажано и имаме силни аргументи.

Не стои констатацијата дека, за бегалците кои останале, а поголемиот дел се Албанци, дел има од Косово, дел од градовите кои ги спомнав од Србија, Прешево, Бујановац и Медвеѓе, но има дел од Косово кои се Роми и друга националност. И тие го имаат истиот третман. Сместени се таму каде што беа сместени бегалците Албанци од Косово во камповите, а одреден број од нив се сместени во семејства, како што беа сместени Албанците од Косово во семејства. Значи, во однос на третманот нема никаква дискриминација во однос на нивното сместување.

Точно е тоа дека од Министерството за труд и социјална политика е побарано за овој број на луѓе да се обезбедат дури и хотели. Точно е тоа дека министерот за труд и социјална политика тоа не го дозволил и рекол дека сите бегалци имаат ист третман. Мислам дека Македонија така ќе продолжи, се прават големи напори сите овие бегалци што побргу да бидат вратени

во нивните родни места. Овие од Косово да си заминат на Косово, овие од Прешево да се вратат таму. Изгледа дека полека се создаваат тие услови.

Се надеваме дека сите тие пред зимата ќе се вратат таму. Но, ако не Високиот комесаријат за бегалци во соработка со Владата врши одредени подготовки за нивниот евентуален престој во зимскиот период тука. За точниот број и по нивна националност г. пратеник ќе добиете информација на наредната седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине пратеник Лазо Китановски, имате конкретен одговор.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Во ред, штом ќе има информација на наредната седница, само во таа информација да стои зошто сегашните бегалци од Косово во кампот се бунат, зошто не се задоволни, во што е проблемот.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

И за тоа ќе известиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова прашање е решено како и претходните, штом имате обврска вие прифаќате на таа седница ќе се расправа, односно ќе ја имате информацијата.

Наредниот пријавен пратеник е г. Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Почитуван потпретседател, дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата. Излегов на говорница користејќи го деловничкото прво како пратеник да барам информација од Владата, за настанатите проблеми околу аеродромските услуги на двата аеродроми во Петровец крај Скопје и аеродромот во Охрид. Имено, за што се работи?

Бев личен сведок на почетокот на август, при испраќање на еден патник, три дена со ред чекав, но не случајно, вие читате во весниците дури имаше една компарација дека Петровец стана бегалски камп сличен на Блаце. Навистина така беше. Можеби сте имале прилика да бидете таму. Во што се состои моето барање. Ова е под ингеренција на Министерството за сообраќај и врски, а тука е и Дирекцијата за цивилно воздухопловство, Јавното претпријатие за аеродромски услуги, па и самите директори на аеродромите.

Затоа барам не за денешната седница, туку за наредната седница, една информација што овие институции, па и самото министерство презеле тие несакани случаеви на тие аеродроми да се расчистат.

Лично како пратеник, користејќи го мојот имунитет, бев спречен да влезам внатре од страна на вработените на аеродромот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Владата го прифаќа барањето за наредната седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине пратеник за наредната седница, нема да биде проблем.

За збор се јави г. Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги пртеници, видете јас мислам дека не би требало од сега натаму да правиме маркетинг со Ромите и другите, без разлика на партијата. Дали до вчера сум бил опозиција тоа не е битно. Јас пред г. Лазар Китановски побарав збор, таму е евидентирано, се знае која е ситуацијата со бегалците во РМ со настаните на Косово, имавме 300 и неколку илјади бегалци, јас говорев за Ромите, барав права за Ромите, но Ромите штрајкуваат.

Сакам да бидам јасен и гласен јас сум Ром, претставник на Ромите од РМ, единствен од Сојузот на Ромите од РМ, а не на Ромите од Косово. Јас не се оградувам од Ромите како националност, туку да кажам што тие бараат. Мора да знаете сите и да го решиме проблемот, како што е решен со другите бегалци кои беа во РМ и кои се вратија. Останати се некаде близу 10 илјади. Во соработка со двете албански партии, соработувам со двете албански партии и преговарам тие Роми, кои се наоѓаат во Република Македонија, кои живееле на Косово да се вратат во своите места да видиме Парламентот и Владата и Комесаријатот за бегалци, да преземеме нешто за да ги вратиме во своите места да живеат каде живееле. Тоа што бараат Ромите да одат во трети земји, доаѓаат претставници на Ромите од ОБСЕ и некои Роми од тука што ги тераат преку хуманитарните организации да штрајкуваат, нема што да штрајкуваат во РМ. Тие се добредојдени, имаат храна, имаат се, сместени се, а јас денеска како пратеник барам да се стави на дневен ред, да видиме со Владата или да формираме пратеничка група со Комесаријатот за бегалци и претставници од двете албански партии, да направиме една делегација да разговараме,

затоа што имаме Роми од РМ, кои се социјала, кои живеат овде. Ако ни останат како социјала и тие мислам дека не е потребно. Тие бараат трети земји. Јасно е дека не можат да одат во трети земји.

Имам сознание дека од ОБСЕ има стигнато Ром во тие кампови, тоа може да го провери министерот за внатрешни работи, кога стигнал и зошто стигнал и по една недела настанаа тие штрајкови. Доаѓаат одозгора и ги буцкаат, инаку Ромите не штрајкуваа.

Барам да се стави на дневен ред заедно со двете албански партии и комесаријатот за бегалци да направиме да можат Ромите да се вратат во своите места како што се вратија другите што беа присутни тука, од другите националности. Мислам дека ќе го прифатите, а благодарам на г. што ме спомна дека не сум станал да зборувам за Ромите, знаеме дека се кампањи за претседателските избори, па да не ги користиме за тие работи.

Мислам дека не пали, џабе е секој си е определен таму каде припаѓа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Амди, што е вашиот предлог?

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас предложив Парламентот да реши дали може на дневен ред да се стави оваа точка, да се направи една парламентарна група или Владата да превземе обврска.

Јас прифаќам од двете албански партии и ромската партија со Владата, со Комесаријатот за бегалци да разговараме за да можеме да ги вратиме. Дали да направиме пратеничка група или една соработка со Владата. Министерот за внатрешни работи да си ја испита својата работа, затоа што се дојдени од надвор и ги тераа Ромите да штрајкуваат пред Парламентот и да спијат тука. Нема што да штрајкуваат во Македонија. Добредојдени се во Македонија, таа им пружи се.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не сакам да давам свој коментар, меѓутоа факт е.

Нека се договори со двете партии, па нека го направат тоа.

Има збор претставникот на Владата.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Прашањето со бегалците е меѓународно прашање, се регулира со меѓународното право.

Мислам дека Парламентот нема ингеренции и тоа да го земе и да формира такви групи, јас не знам кои ќе бидат ефектите од тие групи и кого ќе обврзуваат. Важно е за оваа земја дали ги прифатила бегалците, дали им обезбедила простор за сместување, а се друго останува грижа на Високиот Комесаријат за бегалци и напорите на сите субјекти политички неполитички, владини невладини да се ангажираат, да се создадат услови што побргу да се вратат во нивните домови, од каде што избегале. Така што, беспредметно е да се стави на дневен ред и да се формира трета парламентарна група, што би се занимавала со оваа проблематика.

Податоците што ги изнесе господинот Амди Бајрам, ќе ни послужат за изготвување на што поквалитетна информација во однос на тоа што го бара пратеникот Лазар Китановски. А политичка волја ќе постои секогаш да се разговара, да се најде начин да се обезбедат услови, за што побрзо нивно враќање во сопствените домови. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали пратеникот е задоволен? (Задоволен е).

Има збор пратеникот господин Ѓоргиев Илија.

**ЃОРГИЕВ ИЛИЈА:**

Почитуван господине потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, лозарите од општините Демир Капија и Неготино ме задолжија од Владата да побарам Информација, тесно поврзана за производството и откупот на грозјето. Информација за која се заинтересирани сигурно и другите производители од винарските региони Кавадарци, Гевгелија, Валандово и останатите.

Како прво, да се изготви анализа во која ќе бидат изнесени податоци за колку проценти е намален родот во оваа гранка, поради мрзнење на виновата лоза во месец декември 1998 година, кога речиси цели десет дена по ред температурите паѓаа и до минус 20 степени целзиусови.

Врз основа на тие анализа да се предложат мерки за ублажување на последиците од овие непогоди, преку ослободување на плаќање воден придонес за лозови насади лоцирани во системите за наводнување, односно ослободување од плаќање на данок од земјоделска дејност, за насади што се надвор од системите за наводнување.

Морам да кажам дека по основ на овие елементарни непогоди лозарите немаат можност да вршат осигурување на своите

насади. Притоа да напомнам дека сега, кога за почнува бербата на грозјето, се согледува дека родот поради оваа непогода ќе биде намален во одделни региони за сс 50% и повеќе.

Како второ, да се разгледа можноста за зголемување на откупните цени, бидејќи сегашното ниво на цени ни оддалеку не дава можност за позитивно работење, односно стопанисување. Лозарите се убедени дека Владата ќе изврши влијание кај преработувачите да ги зголемат откупните цени, преку обезбедување поволни кредити и со тоа да се создадат услови ова важно производство од сс 250 илјади тони грозје годишно во Република Македонија, што претставува важен економски фактор, да остане и оваа традиција на производство на грозје и да продолжи понатаму. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му давам збор на заменикот министер за земјоделие, шумарство и водостопанство.

**ЈОВАН ДАНЧЕВСКИ:**

Министерството за земјоделие ќе ги испита сите вакви случаи, во врска со сушата и на наредната седница ќе даде информација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали господинот пратеник се согласува? (Се согласува).

Има збор господинот пратеник Биљал Љутвии.

**БИЉАЛ ЉУТВИИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, дами и господа, колеги пратеници, кога зборувам од Владата да подготви Информација за наредната седница, се разбира, колку се спроведува Законот за издавање лични карти.

Ова од причина што имам сознанија дека, не се спроведува воопшто овој закон, односно не почнале компетентните да го спроведуваат Законот за лични карти. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му давам збор на министерот за внатрешни работи г-дин Павле Трајанов, тоа е од неговиот ресор.

**ПАВЛЕ ТРАЈАНОВ:**

Законот за лични карти е донесен поодамна. Подолго време не се применува. Се вршат подготовки од технички карактер и тогаш кога ќе се направат сите неопходни подготовки, ќе може да се применува тој закон, со тоа што многу тешко е во овие технички услови да се примени тој закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Љутвии Биљал.

**БИЉАЛ ЉУТВИИ:**

Јас не се откажувам од барањето.

Сето ова што го кажа министерот за внатрешни работи, би сакал да стои во Информацијата и тогаш би ја прифатил Информацијата, односно причините зошто не се применува законот. Свесен сум дека има потешкотии, во однос на тоа зошто не се применува, но не можеме ние така да го оставиме тоа без крај да не се спроведува законот, оти на крајот на краиштата, компетентните тука имаат и законска обврска да го спроведуваат законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека вашето барање ќе биде проследено до Владата и Владата нека подготви таков извештај ако не сте задоволни со дадениот одговор од министерот.

Дали сте согласни со предлогот? (Да).

Со оглед дека нема повеќе пријавени за дискусија, ја заклучувам дискусијата околу утврдување на дневниот ред.

За денешнава седница го ставам на гласаше следниов дневен ред:

1. Предлог - одлука за издвојување на еднодневна заработувачка од страна на пратениците во Собранието на РМ, наменета за настраданите во земјотресот во Република Турција.

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за извршна постапка.

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на конвенцијата за перење на пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело, со Предлог на закон.

4. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување претседател, членови на ДИК, секретар и нивни заменици.

5. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавна здравствена организација Општинска аптека - Кочани.

Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 74 пратеници, од кои 64 гласаа за, 8 против и 2 воздржани.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Предлагам, додека се изготви Предлог - одлуката од страна на Службата, да поминеме на точката 2.

Минуваме на точката 2 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за извршна постапка.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам кој бара збор?

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Дали имаме обезбедено претставник на Владата за оваа точка?

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Тука е заменикот министер за правда.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му давам збор на заменикот министер г-динот Положани.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Предлогот за изменување и дополнување на Законот за извршната постапка, е предложен како материјал во редовна постапка и не чувствувавме потреба за поднесување на посебно експозе на пленарна седница, затоа што не предлагаме да се расправа по скратена или друг вид на постапка, туку оди во редовна процедура.

Кога веќе сум овде, да кажам неколку зборови како вовед во расправата по однос на потребата од донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за извршната постапка.

Овој закон чие донесување се предлага е наметнато од потребата од донесување рационални, квалитетни и ефектни решенија, што ќе овозможат извршната постапка да се спроведува брзо и без одовлекување. Во оваа насока се и измените што, се суштествени, а се донесуваат ан правните лекови.

Во постојниот Закон, редовни правни лекови се приговорот и жалбата, а општ е заклучокот дека при правосилно завршена постапка, сосема е доволен еден правен лек редовен, во извршната постапка, поради што, како значајна измена што битно ќе влијае на забрзувањето на извршната постапка се предлага против решението донесено врз основа на извршна исправа да се изјави жалба, додека пак против решението донесено врз основа на веродостојна исправа, да може да се изјави приговор.

Вака предложените измени претставуваат значајна промена во редовните правни лекови во извршната постапка и неговото редуцирање нема да биде на штета на законитоста и правата на странките, туку се очекува позитивен ефект што ќе доведе до забрзување на постапката, ако се имаат предвид и позитивните искуства на одредени земји, што на ваков начин го решија прашањето на правните лекови во извршната постапка.

Бидејќи предложените измени, по однос на редовните правни лекови, имаат директно влијание на целата Глава IV од Законот за извршна постапка, одредбите од овој дел на законот се менуваат во однос на причините за жалба и одлучување по жалба.

Второ прашање што го тангираат измените и дополнувањата на Законот, се однесува на заштитата на доверителите. Во насока на заштита на доверителите и спречување на можните злоупотреби се и предложените измени во извршувањето на недвижностите.

Договорите за закуп склучени по поднесувањето на Предлогот за извршување со продажба на предмет на недвижност, не произведуваат правно дејство.

Трет сегмент што се опфаќа со овие измени и дополнувања што се предлагаат во предложениот закон за измени и дополнувања, се внесуваат дополнувања во однос на внесување една посебна новина, како што е прашањето за уредната достава, бидејќи не е решено на соодветен начин и претставува една од причините што влијае на одолговлекувањето на извршната постапка.

Инаку, прашањето на уредната достава, до сега беше уредено со одредбите од Законот за парничната постапка и тоа треба да биде уредено и понатаму со тој закон, но бидејќи во овој момент не е извесен кога ќе следат неговите измени и дополнувања, со цел да се забрза извршната постапка, предложени се решенија според кои, на правното лице запишано во судскиот или друг регистар доставата да се врши на адресата наведена во предлогот.

Значајна новина што се предлага во извршната постапка, за прв пат и во целина во извршното право на РМ, се одредбите што се однесуваат на доказната изјава и доказниот попис на имотот на должникот.

Во Главата XIII, во текстот на предлози и изменувања, содржани се предлози на одредби за уредно обезбедување со пренос на сопственост на предмети и пренос на права и се задржани одредби за месната надлежност за обезбедување со пренос на сопственост и пренос на права за други дејствија на преносот, за правото на враќање на сопственоста, односно правото на доверителот во случај на задоцнување на должникот. Со ова средство на обезбедување,

можат да се обезбедуваат како парични, така и непарични побарувања, а обезбедувањето да се остварува на начин што едната или двете странки можат да бараат од судот да одреди рочиште, во кое во записник ќе се внесе спогодба на странките со тоа дека, за обезбедуваше на паричното побарување на доверителот му е пренесена сопственоста на некои предмети од должникот. Се на се, мислиме дека предложениот текст како опсег кон измените претставува солидна основа во оваа фаза, а во својство на претставник на Влада, најискрено сакам да кажам дека и самата расправа на собраниските тела и на овие комисии, овие денови во собраниската расправа на телата беше мошне плодотворна, при што пратениците и од позицијата и од опозицијата, со своите предлози и сугестии дадоа значаен придонес во изнаоѓањето на најсоодветни решенија, во функција на по ефикасно спроведување на целата извршна постапка во нашиот систем.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:** (Продолжение)

Да се дава еден посебен придонес и во обезбедување на инструменти за по ефикасно функционирање на целиот судски систем. Сите овие забелешки и сугестии дадени од собраниски тела се мошне плодотворни, како и тие кои евентуално ќе се дадат на оваа пленарна седница во Собранието, експертската група во Министерството за правда и во соработка со Врховниот суд и другите институции во системот, ќе придонесат во наредната фаза со текстот на Нацртот на законот, да се дојде до нај соодветни решенија.

Инаку, овој закон е во групата на закони кои со Устав се предвидени да се донесуваат со двотретинско мнозинство и секако, е една определба од Министерството за правда и Владата го прифати да се оди по нормална редовна постапка, по однос на нај адекватните одредби од Деловникот на Собранието.

Значи, не мора да брзаме, навистина потребата е за обезбедување на инструменти за извршната постапка да биде по ефикасна, но тоа не значи дека решенијата треба сега и на брзина да се доградуваат. Тоа, уште повеќе кога Законот е донесен пред две години. Праксата некои решенија ги наметна за преиспитување, а и расправата ќе придонесе секако да се дојде до нај адекватни решенија. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам господине Бајрам Положани.

За збор се јави Трпковски Борислав.

**БОРИСЛАВ ТРПКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници. Еве, во контекст на она што беше изнесено, да се дадат соодветни сугестии и забелешки во прилог на подобрување на Предлогот за донесување на закон за измени и дополнување на Законот за извршната постапка, јас ќе се обидам да изнесам одредени забелешки, кои сметам дека треба да најдат соодветно место во предложениот закон за измени и дополнување.

На почетокот со право очекувам со новиот закон за изменување и дополнување на Законот за извршна постапка да се донесат рационални и ефикасни решенија, со цел да се забрза извршната постапка. Со Предлогот за измените на Законот за извршна постапка се внесуваат нови одредби, кои се однесуваат на доставувањето, внесување на нови правни средства, како што е доказна изјава, доказен попис на имотот, извршување на акции и на удел во трговско друштво и обезбедување со пренос на сопственоста на предмети и пренос на права.

Сметам дека со предлогот на овие измени нема во целост да се постигне саканиот ефект во забрзувањето на извршната постапка. Овој предлог на закон требаше да доведе до потполно исполнување на должничките обврски, утврдени со извршна и веродостојна исправа. Како и да се заштитат правата на доверителите. Со еден ваков не консеквентен предлог на законот, можеме да очекуваме дека должникот и понатаму ќе биде во привилегирана положба за разлика до положбата на доверителот.

Може да се очекува и понатаму разликување на извршната постапка, што негативно ќе се одрази на правните субјекти во стопанството, а посебно во банкарскиот систем.

Моите забелешки на овој предлог се состојат во следното:

Прво, во Предлогот за измена на законот повторно се зборува за приговор како правен лек. Сметам дека ова е спротивно на Уставот на Република Македонија, бидејќи во член 15 децидно стои дека, единствен правен лек е предвидена жалбата по судска и управна постапка.

Второ, во извршната постапка скоро по секое извршно дејство на судот е предвидено право на должникот на жалба, што сметам дека е непотребно и оди кон одолговлекување на постапката. По мое мислење странките во извршната постапка би имале право на жалба, само во еден случај. Имено, правото на жалбата странките би го

користеле против конечното решение за извршување на судот.

Трето, во законот за извршна постапка, поточно во неговиот предлог, предвидени се два института, претходни и привремени мерки. Сметам дека треба да останат само привремените мерки и тоа право на предлагање да има исклучиво доверителот, а ова право да го нема должникот.

Четврто, што се однесува на реализацијата за остварувањето на паричните побарувања, кои се обезбедени со укнижување на заложно право на недвижности, односно познати како хипотека, истакнувам дека со предлогот се предвидени измени кои би допринеле до забрзување на постапката, а кои се однесуваат за наплата на побарувањето на доверителот, за кое нешто веќе се сложил и должникот.

Понатаму, на должникот му се даваат права со користење на правни лекови и со покренување на непотребни спорови, да ја одолговлечува постапката во недоглед, со што ја спречува реализацијата на извршувањето. Бидејќи се работи за спогодба помеѓу странките, доверителот и должникот имаат склучено пред судот судско порамнување, предлагам во законот за измени и дополнување на Законот за извршна постапка, да се предвидат нови одредби, со кои на доверителот ќе ни се досуди недвижност во сопственост, откако решението за извршување, како и решението за утврдувањето на вредноста, односно проценката да стане правосилна. А, да продолжи, односно продажбата, ќе биде извршена од страна на судот.

Ова го предлагам, од причини што реализацијата на една хипотека во праксата трае повеќе години и претставува кочница за реализација на истата, во пракса имаме многу хипотеки кои чекаат на една таква реализација. Е, овие се тие забелешки и мои сугестии и се надевам дека ќе побудат интерес кај предлагачот и ќе наидат на разбирање, за што и се заблагодарувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има господинот Абдулаи Алиу.

**АЛИУ АБДУЛАИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, пратеничката група на ПДП смета дека има потреба од донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за извршната постапка. Ова поради тоа, што со новите предлози, односно предложени измени и дополнувања на Законот за извршната постапка, ќе придонесат за забрзување на постапката за извршување на побарувањата на доверителите.

Пратениците на ПДП ќе го поддржат Предлогот за донесување на закон за измени и дополнување на Законот за извршната постапка, меѓутоа оваа пратеничка група бара од предлагачот да предложи решенија за употреба на јазикот на националностите, во постапката пред судот. Слични решенија имаме и во некои други закони од оваа природа. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Филиповски Илија.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, предлогот значи одредено подобрување во однос на постојниот закон.

Меѓутоа, се уште сме многу далеку од потребата за по ефикасно извршување. Денеска заштитен е должникот. Со ова решение имаме половична заштита на должникот и половична заштита на доверителот. Ние ќе мораме, ако сакаме работите да ни тргнат на добро, да се заштитата доверителите. Тргнувам од следното.

Денеска каматната стапка во државава, во Републикава во банкарскиот систем, а и меѓу претпријатијата се движи некаде 20, зависно од банките 20% годишно, 30% годишно. Таа стапка произлегува најмногу од неможноста претпријатијата и банките да ги наплатат своите побарувања и тоа се одолговлечува и за сметка на лошите претпријатија кои работат и не можат да ги враќаат парите, практично, ги оптоварува претпријатијата кои добро работат со високи камати и тие не можат да издржат и така доаѓаме во ситуација сите лошо да работат.

Од тие причини, мислам дека би било добро Министерството за правда да направи додатни напори максимално да бидат заштитени доверителите. Да се скрати максимално постапката за извршување. Во тој случај ние ќе можеме да очекуваме и странски вложувања, во тој случај ќе можеме да очекуваме и подобрување на економијата. Затоа, мислам дека овој е еден од многу значајните закони на кои, навистина треба да му се посвети сериозно внимание. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Караџовски Жарко.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, дами и господа пратеници, би сакал неколку збора да кажам за измените и дополнувањата на овој закон и својата дискусија не би ја почнал веднаш со забелешки на законот, би сакал да кажам пред се, неколку пофални зборови.

Пред се, добра е намерата на предлагачот конечно да се преземат одредени измени во оваа област. Праксата покажа дека сите досегашни решенија кои ни се нудеа во извршната постапка, како и последниот закон од 1997 година, не покажаа некаков ефект во однос на реализирањето на побарувањето на доверителите. Или, најчувствително што се чувствуваше во текот на тие постапки, е тоа што на некој начин, односно во секој случај должникот беше повеќе заштитуван, отколку доверителот. Тоа беше една проблематика.

Втора проблематика, а можеби е најголемата е таа што извршната постапка се претвораше во нова процесна постапка. Намерите на предлагачот во секој случај се добредојдени, од причина што во овој сегмент се прават, а можам и да се сложам со констатацијата на претходниот колега некакви половични решенија, така што сепак е видлива и јасна интенцијата дека, конечно предлагачот оди на онаа форма, на онаа институција кон повеќето заштита на доверителот, отколку на должникот.

Особено, би го пофалил предлагачот во делот на новите решенија, во делот на решенијата каде што се воведува институтот на доказната изјава и доказниот попис, кој што по мене сметам дека на некој начин со тоа должникот ќе биде натеран, ако ништо друго, малку по совесно и по одговорно да ја заземе својата позиција во извршната постапка. Исто така и кај мерките за обезбедување, кои што ги предлага овој закон.

По однос комплетно мислам на решенијата во измените, сега и јас би кажал неколку забелешки, кои многу не би ги елаборирал, со оглед на тоа што истите ги бевме истакнале во Комисијата, но еве вака сега на овој начин би предложил предлагачот да ги земе предвид сите оние забелешки, кои што ги изнесувавме во Комисијата, особено во делот кај можеби најголемите измени, а тоа се во делот на жалбата и приговорот.

Сепак, предлагачот имал предвид дека станува дел на извршување, да не правиме повторно нови процесни постапки. Ако веќе една постапка завршила со правосилна одлука, извршувањето да биде реализација на таа правосилна одлука. Во ова решение кое што сега се нуди, повторно се застапени институциите жалба, приговор, жалба по истекот на роковите упатување на парница.

Сметам дека во тој сегмент и во тој дел треба да има по ригорозни измени, така што во секој случај да биде заштитен доверителот, за разлика од должникот.

Исто така, во поглед на роковите, кои што останаа исти како што беа и во претходниот текст, тие рокови треба да бидат многу пократки, во поглед на доставувањето на списите до повисокиот суд, каде што треба да одлучува повисокиот суд и тука мислам дека нема потреба што повисокиот суд да одлучува, сето тоа може да го прави првостепениот суд, а се со цел и со намера извршната постапка да оди што побрзо.

Бидејќи, колку повеќе даваме можности со законски решенија должникот да има право да приговара, да има право да се жали, па да изнесува нови факти со барање за пролонгирање на роковите и слични работи, сето тоа доведува до онаа можност на негова манипулација, со цел да се изигруваат и обврските.

Јас би имал толку, во секој случај ги поддржувам намерите на предлагачот, а со оглед на тоа што овој закон ќе оди во три фази, мислам дека со текот на другите расправи, ќе дојдеме до подбори решенија. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван заменик, не навлегувајќи во целината на законот, би сакал во фазата на расправа по Предлогот за донесување, на некој начин да го доведам под прашање еден од членовите кои верувам дека во понатамошната работа по законот, Министерството за правда минимум ќе го има предвид, ако и евентуално погрешно го толкуваме членот, барем и тоа да знаеме дека е тоа погрешно толкување.

Имено, во актуелниот закон за извршна постапка во членот 149, каде што се утврдува одлагањето и запирањето на извршување на постапката, во делот за одлагање на извршувањето има и глава дека се одлага и во случај на поседување на станарско право, членот 149 и кажува актуелниот закон, дека станарското право не престанува со продажба на станот во општествена сопственост или зграда во која се наоѓа, ако не е со закон инаку

определено. Тоа го толкуваме како пренос на сопственост на станот во општествена сопственост, која сега е единствено во јавното претпријатие, би значело дека продажбата на тој стан го укинува и станарското право на оној кој го поседува во тој момент станарското право и со тоа ја губи можноста да живее во тој дотогаш општествен стан. Мислам дека токму со другите закони е регулирано со продолжувањето, дека роковите на продажбата на овие станови на секои три месеци Владата ги продолжува, практично од донесувањето на законот до денес. Оваа Влада ја презеде таа логика на настаните. Сомневањето е дека евентуално со бришењето на овој член како што се предлага во членот 27 од овој закон, би настанало ситуација кога јавното претпријатие ќе продаде општествен стан, некој ако поседува станарско право, станарското право се губи и по тој основ ќе мора да се напушти станот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Значи, некој ако поседува станарско право, станарското право се губи и дека по тој основ ќе мора да се напушти станот. Мислам дека таа определба минимум треба да се преиспита, ако намерата е оваа, во која насока јас сега зборувам, евентуално во втората фаза да видиме дали е тоа рационално решение.

Инаку, се согласувам, овој закон да оди во насока на преиспитување на односите помеѓу заштитата на должниците и доверителите, меѓутоа оние кои се носители на станарско право, немаат сопственост на станот, мислам дека овој закон ги третира како должници. Мислам дека таа категорија на граѓани, која веќе не е голема, а која уште не решила да го откупи станот во кој живее, односно станарското право да не го доведуваме во прашање, затоа што би предизвикало евентуално проблеми и не би било добро Владата да предложи таква одредба.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи друг не се јавува за збор, јас би сакал да кажам збор два во однос на овој закон.

Драги пратеници, предлогот за донесување на овој Закон за извршната постапка, како предлог го поддржувам и ценам дека Владата, односно Министерството за правда има намера да направи подобрување по извршувањето. Да кажам отворено на страниците се третира како круна на еден воден спор. Ако не дојде до извршување, останува дека странките не знаат зошто се спорени и за задоволува онаа народна дека потрошиле пари, а никакво фајде од тоа.

Мое мислење е дека напорите на предлагачот, да ја забрзаат постапката, веројатно, пробувајќи на сегашните решенија, негова поголема смелост е да се излезе од рамките на така наречените заврзлами, околу правните лекови во извршната постапка. Тука веројатно оние кои се занимаваат со правото и оние кои имале допир, или по некои случаи, биле странки во постапката, доаѓа до едно безумие, кога не можат она право што го оствариле да го добијат.

Господа, помеѓу правниците кои се занимаваат со оваа работа, се говори дека власта, односно државата и иде на рака. Да се избегне оваа работа, го делам мислењето на колегата Илија за забрзување на постапката, а не некои други внатрешни решенија, како што е решението да се утврди спорна работа, едната од странките ја упати да докажува таква работа, а ја запре извршната постапка. Ова е посебно ограничување на правото правдата да се задоволи.

Понатаму, имаме едно друго ограничување, што во овој закон сака да се предвиди дека должникот во време може да одговара и му се забранува да врши промет со својот имот, ако е покрената постапката. Меѓутоа, општите граѓански начела говорат должникот кој има намера да ја избегне или да го оштети својот доверител, таква правна работа превземена со трети лица не произведува правно дејство. Ако вака постапиме, тогаш ќе дадеме можност сите работи, што должникот иако знае дека е должен и треба да ги исполни меѓу време, пред покренувањето на извршувањето да го оттуѓи тој имот и доверителот да остане без право на надоместок, односно да го добие своето право.

Што му останува во овој случај? Значи му даваме можност оној кој има генерална обврска да има ништовна генерално правна исправа, да добие рушлива, односно може да се раскине. Во тој случај, доаѓаат многу правила, што ќе биде тој може да учествува во договорите за раскинуваше на правната работа помеѓу трети лица. Само оние кои учествувале во нејзино заклучување. Што значи дека повторно применуваме една лоша практика.

Стојам на предлогот што го даде ЗКП, текстот да биде поисчитен, да се избегне описен дел на оние термини што се употребуваат често, односно во законот се непопуларни и несакани. Во тој дел да се постапи по предлагачот и на ЗКП

претставникот овој предлог да го прифати, меѓутоа сметам за потребно и овде да му упатам една јавна опомена за ваквиот начин на описниот дел од законот. Што е најбитно, што станува со правото на откуп на акции, и уделот. Тие акции се интерни акции, немаат да се екстерни, да може секој да ги купи. Што добива? Дали добива само право да може некој да се отплати со истите, меѓутоа тој што ги добил да нема никакво располаган надвор од правото каде се тие акции добиени, или уделите на кои должникот ги има правното лице.

Ако е така, законодавецот ќе мора малку да биде по јасен и по смел да каже дека ќе ги прогласи сега акциите од интерни на екстерни и тие можат да се продаваат слободно. Ако вака мислат, тогаш е многу јака работа тогаш ќе може акцијата да добие своја вредност и луѓето кои ги поседуваат, нема да ги мешаат односите сопственост и акционер, правото на управување, право на одложување и слично.

Ова се мои во начела забелешки, меѓутоа кога дојде колегата Караџоски по однос приговор или жалба, да одлучува повисокиот суд, ние имаме практика кога се работи за претходни процедурални работи во кривичната постапка, по однос на него да одлучува судија поединец, односно овдека извршител е секогаш судија поединец, по негова одлука да решава совет на истиот суд.

Му предлагам на предлагачот да размисли за една ваква форма во самиот суд и по одлуката на извршниот судија по приговор или жалба одлучува Советот на судот брои тројца судии професионалци.

Ова се мои забелешки кои ги упатувам и предлагачот ќе ни понуди подобар текст по кој ќе работиме.

Бидејќи нема повеќе кој да се јави за збор, ги повикувам пратениците кои не ги следеа оние кои излегуваа на говорницата, ги повикувам на гласање, бидејќи се работи за многу чувствителна околност.

Го заклучувам претресот и предлагам Собранието да го усвои следниот заклучок:

"Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за извршна постапка.

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршна постапка, при што ќе има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањето од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија".

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достават до Владата на Република Македонија и на Министерството за правда.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 68.

"За" гласале 66, еден "против" и 1 "воздржан".

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок за усвојување на предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Вие како потпретседател, кој претседава на седници на Собранието, имате обврска да се обезбеди регуларност во работата, што не значи дека ние пратениците исто така сме амнестирани од одговорноста да ја обезбедиме таа регуларност.

Мислам дека е многу не одговорно тоа што се користат некои не усовршености на техниката за гласање и апсолутно не е битно во крајниот исход кој единствено ја користи таа не совршеност, а знаете дека не усовршеноста се состои во тоа што со системот за гласање покажува мониторот 90-тина картички и дека е регистрирана појавата на нашето Собрание, да се користат вметнатите картички во системот за гласање од присутните пратеници, а не и од тие го поседуваат.

Во оваа просторија во моментот нема 68 пратеници. Ние имаме навистина како Собрание огромен проблем ако донесуваме вакви и слични закони, макар да е и во фаза на предлог во услови на не регуларност, кога не е обезбеден барем минимум 61 пратеник.

Молам да се пребројат дали има 68 пратеници.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Ханџиски, што е вашиот предлог?

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Мојот предлог е да направиме напор да не ни се случи да изгласаме закон, за тој што ќе покаже дека не сме имале ни мнозинство во Парламентот, кое што е потребно да работи Парламентот. Додека се води расправата можат да бидат и тројца пратеници внатре.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

64 пратеници се присутни.

Веруваме на луѓето што ги избројаа

пратениците.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Да се избегне оваа појава која е регистрирана повеќе пати и која може да не доведе во ситуација да не се верува апсолутно на ни една одлука, што е помината сосема регуларно во овој Парламент.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас сакам само денеска да укажам не се работи за тоа дали се 68, или 64, меѓутоа, признавате релевантен фактор за тоа колку пратеници се присутни во салата, т.е. колку гласале.

Меѓутоа, неколку пати ни се случуваше овде, кога имавме јасен податок дека гласале околу 50-тина, нека бидат 60 пратеника, дека претседавачот на седницата вели дека релевантен податок за утврдување на кворумот е колку има присутни. Стои дека над 90 пратеника се присутни, вкупно гласале 50-тина или 60, што значи објективно во сите тие случаи немало кворум.

Меѓутоа, сакам да кажам дека има два проблема. Факт е дека многу од пратениците очигледно ги оставаат картите и се регистрираат како да се присутни, а всушност не се и некои пратеници имаат таков став дека можат да гласаат во име на своите колеги. Така што две грешки дупло ги правиме.

Прво, работиме кога нема кворум, второ ги менуваме и резултатите од гласањето. Така што, се додека тоа не се среди, мислам дека ќе има сомневање во резултатот од гласањето и дополнително секој пат кога ќе ни се случи да гласаме под 61 пратеник, некако сега дали биле 64 или 68, исто така е сериозен престап, всушност, тоа ќе биде знак дека ова Собрание донело одлука без доволно присутен број на пратеници.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Проблемот на присутност е едно, а проблемот на гласање е друго.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Сакам следното да го кажам: ако говориме принципиелно, сега сме веќе 65 пратеника. Но прашувам каде се вашите пратеници?

Од 27 овде се присутни само 6, си презедовте обврска традиционално да ја извршувате вашата работа. За тоа примате дневници и плати.

Во иднина по суптилно да говориме на оваа тема.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Некако многу често ни се случува да ја прекинеме работата на Собранието, во однос на дневниот ред и да разговараме за вакви работи. Добро, очигледно можеме, има потреба.

Три редови се во Собранието и за секоја расправа од сега изгледа ќе треба да погледнеме и камерите да покажат пратениците каде, во кој ред се присутни, ги има и го имаат исполнето и својата обврска, професионална обврска, да ја заработат својата дневница, тука се. Тоа е едната работа.

Втора работа, барем нашата пратеничка група, другите пратенички групи можат да се изјаснат поединечно, нема никогаш причина да не гласа, затоа што ако не гласаме, ако нешто мислиме дека треба да бидеме "за", ако не гласаме, нема да помине одлуката. Значи, ние ја имаме единствената обврска во нашата работа да бидеме тука присутни. Второ, ако не сме тука, ние сме на некој начин одговорни за кворумот. Еве и денес, кај нас недостасуваат само двајца пратеници, членови на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ кои имаат конкретно задача, професионално, во име на Парламентот да ја претставуваат Република Македонија и се во странство. За разлика од тоа, при секоја ваква забелешка, пратеничката група која го исполнува тој ред и таа страна секогаш е отсутна. Картите, колку што јас можам да забележам, редовно се исто така ставени за присуството, а не се тука присутни.

На крајот на краиштата, резонот е многу едноставен. Ако има 90 пратеници тука, ако некој апстинирал да не гласа, да не биде регистриран како пратеник кој гласал, кој учествувал во гласањето за, против или воздржан, тоа не може да биде од страна на коалиционата група.

Ние имаме причина да гласаме за да се донесе законот. Значи, може да апстинира, да е присутен, а да не вклучи ни едно копче ни за ни против ни воздржан, да не е регистриран само пратеник од опозицијата.

Значи, работите се многу јасни. Треба да се престане со ваков вид на манипулации, треба да се исполнат седиштата, присуството да биде редовно во Парламентот и ќе биде се во ред. А правото на гласање какво ќе биде, секој нека определи, па дури и апстиненцијата, може да биде присутен тука, а да не биде регистриран дека гласал.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Нештата се многу јасни за да дополнително се замаглуваат, за да не се види каде лежи вистинскиот проблем. Не

треба да објаснувате овде ниту потпретседателот ниту координаторот на најголемата пратеничка група, дека некој може да биде присутен, а да не гласа.

Овдешниот проблем со кој се соочуваме речиси на секоја седница кога прашањето на кворум е доведено во прашање, е тоа што оној што претседава на седницата избира да го користи првиот број, односно бројот на присутни или бројот на оние кои ја имаат ставено својата картичка на соодветното место како релевантен податок за тоа колку членови на Парламентот се присутни. На денешнава седница се покажува дека тоа апсолутно не е точно, бидејќи горе стоеше бројката дека се 91, според истите тие податоци стоеше дека 68 пратеници гласале, се изброивме и бевме 64 пратеници. 64 не е еднакво ниту на 68, не е еднакво ниту на 91, меѓутоа секој пат кога претседавачот, претседателот или потпретседателот, ќе избере дека сака да ја избегне оваа дискусија вели впрочем присутни се толку и толку пратеници. Меѓутоа, очигледно е дека таа бројка не е релевантна. А тоа дека некој може да седи и да не гласа, тоа апсолутно нормално дека е право на пратеникот.

Меѓутоа, велам, не може да се базира работата на Собранието, врз податоци кои не значат ништо, освен тоа дека некои пратеници си ја заборавиле картичката, а не се присутни во салата. Парламентарното мнозинство неколку пати покажа дека само не е способно да обезбеди кворум и покрај тоа што бројот на членовите на партиите кои го сочинуваат парламентарното мнозинство, кои имаат одговорност да ги донесат оние закони кои Владата ги предлага и кои според зборовите на координаторот, тие секогаш ги потврдуваат или гласаат за тие предлози, тоа е веќе нешто сосема друго. Меѓутоа, дека кворумот од ситуацијата не е обезбеден од оваа или онаа причина, не е дискусијата која беше отворена. Дискусијата е дека сегашниот начин на гласање, не овозможува гласање согласно со процедура овозможува прекршување на процедурата, во секое ниво, во ниво на одредување на кворум и во ниво на одредување на гласовите кои се постигнати. Така што мислам дека немаше потреба да се објаснува на кој начин гласаат пратениците на ВМРО-ДПМНЕ или пратениците на парламентарното мнозинство и дека тие немаат дилеми за кого да гласаат. Тие можеби немаат дилеми за кого да гласаат, дури и кога немаат текст на некој документ, меѓутоа имаме ние останатите и граѓаните дилеми, какви се тие пратеници кои гласаат во име на други пратеници, користејќи го фактот дека картичката е оставена. Тоа е проблемот кој што денес се случи, а кој што неколку пати претходно ни оневозможуваше да имаме некоја логична процедура.

Фактот дека често работиме бес кворум и дека се злоупотребуваат овие картички е проблем кој ова Собрание, поточно оние кој раководат со седницата треба да го решат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Некој посочи како тоа го правите Вие, тоа е Ваш проблем.

За збор се јави г-динот Благој Ханџиски.

Во што е намерата сега? Да се броиме?

Господа, решение според деловникот е, ако се сомневате во исправноста, да гласаме, имате десет пратеници, предложете и да гласаме.

Дајте поддршка од 10 пратеници, дека се сомневате во гласањето, да водиме дискусија. Што е ова?

Ова е беспредметно, не е на дневен ред.

Јас ќе Ве разберам, ама ако говорите за дневниот ред.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господин потпретседател, почитувани колеги, мислев дека сите најправилно ќе сфатите зошто направив интервенција. Не издвоив за време на интервенцијата ниеден поединец меѓу нас, не споменав ниту една пратеничка група, ниту се издвоив себе си. Ова е највисок законодавен дом во државата и тој највисок и единствен законодавен дом ги донесува сите законски акти, од најниските условно да кажам до највисокиот, Уставот на оваа држава, и ова Собрание е најодговорно да ги почитува законите кои само ги носи во оваа држава.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Ханџиски, во што е проблемот?

Проблемот е ако се сомневате, дајте...

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Дозволете, не се сомневам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако не се сомневате, што говорите.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Ова Собрание има проблем со системот за гласање.

Проблемот е во тоа што картичките остануваат во системот за гласање и проблемот е во тоа што стана скоро редовна пракса да не се поклопува бројот на присутните во салата во моментот на гласање,

со бројот на гласовите што се појавуваат на мониторот и тоа е сериозен проблем. Сите ние ако не разбереме дека тој проблем треба да се надмине, за да не се фрла дамка врз највисокиот законодавен дом и ако не разбере на пример и коалиционото мнозинство, дека ако ништо друго подеднаква е одговорноста на сите нас да ни се случуваат такви појави, тогаш може со дискусии или со вакви попречувања од потпретседателот, за кои реков дека како претседавач има најголема обврска да ја обезбеди таа регуларност, да ги изместува работите.

Сериозен е проблемот и треба, реков службите, да направат напор заедно со одржувачите на системот да не се провлекува и понатаму овој недостаток во системот на гласање. Апсолутно не реков дека едни или други го користат. Фактите покажуваат дека тој недостаток се користи и тоа не е добро за Собранието генерално и ништо повеќе од тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, бидејќи не се јавил никој да каже дека се сомнева во гласањето, гласањето е завршено и одиме на втора точка.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас сум пријавен за дискусија, читајте таму.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тоа е твој проблем дали ќе се јавуваш или не.

Се договоривме првата точка од дневниот ред да ја разгледаме веднаш по втората точка.

Преминуваме на Првата точка - Предлог на одлука за издвојување на еднодневна заработувачка од страна на пратениците во Собранието на Република Македонија, наменета за настраданите во земјотресот во Република Турција.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

75 пратеници гласале за, против и воздржани нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за издвојување на еднодневна заработувачка од страна на пратениците во Република Македонија, наменета за настраданите од земјотресот во Република Турција.

Преминуваме на Третата точка - Предлог за донесување на Закон за ратификација на конвенцијата за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело, со Предлог не закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

(Пратеникот Сејфедин Харуни вели: "Може ли процедурално").

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за ратификација на Конвенцијата за перење на парти, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, од кои 72 пратеници за, 1 воздржан и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Молам, да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, од кои 75 за и 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на законот. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеници, сите гласале за, против и воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата за перење на пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело.

Преминуваме на Четвртата точка - Предлог на одлука за изменување на одлуката за именување претседател, членови на Државна изборна комисија, секретар и нивни заменици.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Дали предлагачот има намера да образложи?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас прашувам кој бара збор?

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед дека предлагачот на одлуката нема намера да образложи од кои причини тоа го прави, се надевам дека тој став ќе го зачува до крајот на расправата по оваа точка. Ако се случи да има дополнителни аргументи, тогаш јас го задржувам правото по неговите аргументи, кои се надвор од ова што е тука предложено дополнително да се произнесе, се разбира, во името на пратеничката група на СДСМ.

Почитуван потпретседател, почитувани колеги од ВМРО-ДПМНЕ, кои господине Пауновски не се ни 40, а камоли 49 на број, би сакал да ги изнесам видувањата на СДСМ, по предложената одлука за измена на Одлуката за именување претседател и членови на ДИК.

Надвор од Законот за избор на пратеници, со кој е утврдено дека Државната изборна комисија во овој состав ќе ја работи својата работа до крајот на истекот на мандатот, Комисијата на Собранието на Република Македонија за избори и именувања се одлучи, спротивно на законските одредби, да предложи измена и дополна и тоа не само во делот од составот на Комисијата кој го утврдуваат политичките партии врз основа на сопствените резултати од минатите избори, туку и во оној дел кој беше именуван за мандат од 4 години од делот на судиите на Врховниот суд.

Целокупното образложение на предлагачот, мора да констатираме дека би било премногу стабилно ако стои на стаклени нозе, значи стои по нестабилно отколку и на стаклени нозе што би стоел предлогот. Ако внимателно се прочита образложението кое е единственото можно образложение кое тука се достави, се сведува на две работи.

Прво промената на членовите на изборната комисија се заснова на потребата од спроведување од фер и демократски претседателски избори, што имплицира директно дека доколку не се сменат нема да има фер и демократски избори и второто е дека има основ за сомневање, ова се цитати "дека има оценки од домашна јавност и меѓународни набљудувачи дека изборите 1998 година" биле не ажурни, не транспарентни и дека тоа ќе се случи и во 1999 година. Овие два стаклени аргументи би сакал да ги предизвикам со следното.

Прво, оценката дека претходните избори не се фер и демократски и заради тоа сега треба да се промени Комисијата, образложувајќи со потреба од спроведување фер и демократски претседателски избори, мислам дека е излишна и мислам дека е во насока, во суштина е против легитимитетот на денешниот Парламент и денешната власт и Влада во Република Македонија.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Имено, доколку директно се утврди од страна на овој Парламент дека минатите избори 1999 која ги спроведе оваа Комисија на чело со претседателот не се фер и демократски, тогаш мора да признаеме дека сомневањето во легитимитетот на сите кои сме избрани овде вклучувајќи го и премиерот со својот кабинет е директно доведен под прашање со што се доведува под прашање и сите закони и одлуки кои се овде спроведени. Тие можеби имаат легалност, меѓутоа ќе немаат легитимитет, затоа што согласно Уставот власта се конституира на фер и демократски избори.

Од овие причини мислам конституирањето на Парламентот и на Владата врз погрешни основи може да ја предизвика владината коалиција да дојде самата до сознанието, дека е конституирана на не легитимни избори. Затоа мислам дека она што единствено може да се направи, оној кој го предлага овој акт да го повлече образложението и одлуката и да констатира дека минатите избори се фер и демократски. На крајот на краиштата и Вашата власт е конституирана на тие избори.

Второ, се посочува дека има сомневања од меѓународната јавност. Би сакал да го кажам следново. Иако малку чудно делува дека сегашната власт самата се делигитимизира со ваквите оценки. Јас успеав да ги извадам оценките од оние кои билатерално, или мултилатерално ги посматрале изборите минатата година. Советот на Европа чија сме ние полноправна членка и чиј извештај ние самите го прифативме, има децидна оценка дека изборите во Република Македонија во 1998 година се фер и демократски. Европската Унија на вториот ден од приемот на мандатот на господинот Љубчо Георгиевски, кого не

можеме за жал да го видиме во овој Парламент веќе седум-осум месеци, во директен разговор соопшти веќе во вториот ден од неговиот мандат, дека изборите во Република Македонија во 1998 година претставуваат напредок во демократскиот процес од 1990 година до денес и дека се основа за конституирање на новата власт во Република Македонија. Исти такви оценки имаше и ОБСЕ. Меѓутоа да потсетиме дека така ги оценија изборите и многу држави во билатералната соработка со Република Македонија, а би потенцирал тука во името на САД националниот демократски и републиканскиот меѓународен институт, кои во своите оценки истакнаа дека изборите се фер и демократски. Сомневањето на овие избори дека тие не се такви и како такви влечење на оценката, дека треба да се промени изборната комисија, мислам дека е излишно понатаму да се аргументира. Едноставно тоа не е точно.

Исто така, сакам да соопштам дека извештајот на Државната изборна комисија во Собранието на Република Македонија веднаш на денот на неговото конституирање беше усвоен без ниедна забелешка, ниедна партија, ниеден пратеник не го оспори извештајот на Државната изборна комисија, дека изборите се спроведени во не фер, или не демократски услови и дека има потреба сега дополнително тие да бидат фер и демократски и како резултат на тоа едногласно беше прифатена.

Како резултат на таквата оценка на ова Собрание, се верификуваа сите 119, а подоцна и 120-от мандат во Собранието на Република Македонија. Реферирањето на Собранието од ова гласање, мислам дека претставува сериозен проблем на оној кој го предлага со поинаква аргументација ваквиот акт. Исто така, да посочиме дека само на претходната седница кога опозицијата, можам да зборувам во овој случај само во името на опозиционата СДСМ предупреди дека, поднесувањето на законскиот предлог за демисионирање на врховните судии, како можни членови и ширење на правото на секој дипломиран правни со одреден стаж да биде член, беше протолкувано како вовед во чистка во Државната изборна комисија и нејзино инструментализирање од страна на актуелната власт. Самиот министер Камбовски како предлагач на тој закон тоа од оваа говорница децидно го негираше, за тоа постојат и стенографски белешки и рече за да се отстранат сомневањата со кои може да се случи да бидат променети и судиите на Врховниот суд кои се претседател и двајца членови екс официо по законот, јас ќе прифатам амандман од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, со кој таа можност ќе ја исклучиме и во кој амандман се прифати од страна на министерот, се стави како член 31 или член 30, во кој се кажа дека членовите на Државната изборна комисија избрани од редот на судиите на Врховниот суд, ќе ја вршат својата работа до истекот на мандатот за кој се избрани.

Така што можеме да посочиме со сигурност дека согласно законите и Уставот во Република Македонија, односно согласно Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, одлуката која сега се нуди е со сомнителен легитимитет, затоа што е спротивна со овој закон. Имајќи го во предвид ова, имајќи предвид недостаток на аргументи, имајќи предвид дека изборната комисија веќе почна да ја врши својата работа и од месец јули до денеска после месец ипол има направено многу подготвителни дејствија за спроведување на изборите, во кои учествуваат сите надлежни субјекти, ја води постапката за кандидирање, сметаме дека сегашната промена всушност не се должи на она што е тука образложено, туку се должи на нешто што не е образложено воопшто. Тоа се следниве факти.

Прво, се должи на обидот од страна на актуелната власт да стави под контрола против законот независноста на изборните органи во Република Македонија, почнувајќи од Државната изборна комисија и во понатамошна процедура веројатно сите органи кои се задолжени за спроведувањето на изборите до објавувањето на резултатите, дека со ова се врши всушност притисок врз демократската јавност во Македонија, дека секој оној кој независно од политичката волја на актуелната власт, донесува одлуки веднаш ќе биде сменет и мислам дека тоа дури и наивно е образложено во образложението и кажува дека една од причините е дека Државната изборна комисија на чело со претседателот не го почитувале ставот, за тоа што значи 5%.

Мора да предочам дека нашето проучување на Законот упатува на тоа дека, Законот не покажува што значи 5% во смислата која предлагачот сега ја толкува, туку упатува 5% од гласачите на претходните избори. Ние знаеме дека гласачите на претходните избори гласаат и на пропорционална и на мнозинска листа, дури напротив на мнозинска листа гласаат двотретински од составот на Парламентот. Што значи 5%, како што се толкуваат од страна на ВМРО-ДПМНЕ, мислам дека е обид за ставање под контрола на работите.

Од овие причини, сметаме дека самата одлука всушност нема намера да оди во насока на водење на фер и демократски избори, напротив самата одлука не е во насока на обезбедување на независност на ДИК, напротив, самата одлука не е во насока партиите кои учествуваат во власта да не влијаат на изборните резултати, туку тоа да се случи со граѓаните на Република Македонија, напротив. На пример ние имавме една можност пред десетина дена од сите можни конвенции кои се држеа по повод кандидирањето за изборите само една да биде во специјална емисија на Македонската радио-телевизија и на таа емисија премиерот да ни соопшти дека од сега натаму само граѓаните ќе ги одредуваат победниците на изборите во Република Македонија. Меѓутоа, тоа ни го соопшти во специјалната емисија на неговата конвенција, а на ниту една друга конвенција не и се даде специјална емисија. Значи моментот кога тоа го соопштив дека ќе бидат фер и демократски, веднаш ја употреби МРТВ во инструментализација на неговите намери, зборувам за господинот Љубчо Георгиевски. Сега вториот чекор е покрај медиумското покривање на изборите, во соодветна партиска цел да се стави и ДИК под соодветна партиска цел.

Второ, кога веќе и така се толкува, ова што се случува со судиите, дека персоналниот состав не е битен, туку дека судиите остануваат, се доведува под прашање што значи тоа пензиониран судија.

Во оваа држава има судија и има пензионер, како што има пратеник, или пензиониран пратеник, како што има премиер и пензиониран премиер. Меѓутоа, секој е судија, или пратеник, или е премиер, само ако нема претходно пензиониран, што значи дека и претседателот согласно законот и членот кој таму господинот Камбовски великодушно го прифати на Ваш предлог, дека судиите ќе останат да ја вршат својата функција, не вели: "пензионерите". Се изигрува со тоа што се става пензионер да ја води Државната изборна комисија, што исто така сметаме дека било намера на дезавуирање на Државната изборна комисија, како легитимен инструмент на државата за спроведување на изборите, независен инструмент, кој ќе обезбеди фер и демократски избори и дека сите патишта водат кон тоа дека се почнува со демисионирање на легитимните институции и креирање на, условно кажано послушни институции во Република Македонија.

Завршувајќи со оваа аргументација си земам за право ако слушнеме дополнителна аргументација од предлагачите, која ете мислеа дека не треба на почетокот да ја соопштат веројатно во некаков недостаток на амбиции повторно и по тие аргументи да спориме, затоа што во прашање се фер и демократски избори во Република Македонија.

Од тие причини, Социјалдемократскиот сојуз на Македонија со жалење ќе констатира дека, поради промени на двајца судии и претседателот во Државната изборна комисија ќе биде во тешка состојба  и нема да може да гласа за промените на Државната изборна комисија, дури и во оној состав, кој евентуално мора со партиските биланс да се промени.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Бидејќи во оваа дискусија беше вметнато нешто, што нема апсолутно никакви допирни точки со оваа тема, тоа е преносот од конвенција. Добро и тоа е разбирливо, на крајот на краиштата нашата работа е пред се политичка, иако ги претставуваме интересите на граѓаните.

Меѓутоа, како и за конгресите, еднаш дефинитивно треба да расчистиме, барем да не ги употребуваме, да не мислиме дека по месец дена и ние и јавноста заборавиле. Конвенцијата  на СДСМ од страна на новинарите беше на ваков начин окарактеризирана, дека била комплетно затворена за медиумите. Истото тоа беше преместено од страна на медиумите дека за време на одржувањето на Конгресот после оној прв дел свечен на отворањето, после тоа работниот дел бил затворен. Нашата конвенција беше отворена. Новинарите беа пуштени и од почеток до крај онака како што сакаат така ја претставуваа.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ - ДИМОВА:**

Господине потпретседателе, колеги пратеници.

Во името на Пратеничката група на Демократска алтернатива, не се противиме на разрешувањето на членовите на ДИК, меѓутоа имаме забелешка во делот на предлогот на Комисијата за избори и именувања, од причина што во Законот е дециден во она што вели: "од редот  на судиите".  Тоа за мене значи од редот на активните судии. Со оглед дека во Врховниот суд имаме 25 активни судии и се со цел да не се наруши дигнитетот на судската власт, а со тоа и да не се конфронтираме како законодавна власт со судската власт, апелираме до Комисијата за избори и именувања да изготви предлог, во кој што ќе предложи активни судии на Врховниот суд и потоа би дискутирале околу тоа. Со таа цел Пратеничката група на

Демократска алтернатива ќе се воздржи од гласањето за овој предлог на Комисијата за избори и именувања.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во име на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, барам 15 минути пауза.

Имам поддршка од 10 пратеници.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Може ли да биде паузата 30 минути за да ручаме?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлагам пауза од 1 час.

По паузата, седницата продолжи со работа во 16,47 минути.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има услови за работа, продолжуваме.

Господа, бидејќи никој не се јави за дискусија, ја затворам дискусијата и Предлогот го ставам на гласање.

Пуштете го системот за гласање.

Ве молам да гласате.

(Еден пратеник се јавува од место).

Се јавивте после заклучувањето.

Господа, еве Ви една положба, внатре има 64 пратеници, а сте гласале 51.

Сега што да правиме?

Присутните што гласале - гласале.

За Предлогот гласале 48 пратеници, тројца воздржани, а против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за именување претседател, членови на Државната комисија, секретар и нивни заменици.

Со тоа седницата е завршена.

Точката за Кочани ја одлагаме за утре, дополнителната точка ја одлагаме за утре.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ - ЧУКАЛИЕВА:**

Дополнително ќе ја закажеме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Наредната седница ќе биде писмено закажана.

(Седницата заврши во 16,50 часот).